# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО СООБРАЌАЈ ВО ТУРИЗМОТ“ ОД АВТОРИТЕ Д-Р ЦАНЕ КОТЕСКИ И М-Р ВЛАДИМИР КИТАНОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Врз основа на член 52 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр.35/08, 103/08, 26/09 и 99/09, 115/10 и 17/11 год.), а во согласност со точка 6 од Правилата за издавање учебници и учебни помагала на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип („Универзитетски гласник“ бр. 19/2011 и бр. 21/2011), Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика - Гевгелија на 107. седница, одржана на 17.1.2014 година, донесе Одлука број 2602-38/11за избор на рецензенти за издавање „Практикум по сообраќај во туризмот” по предметот Сообраќај во туризмот.

За рецензирање на ракописот „Практикум по сообраќај во туризмот” од авторите д-р Цане Котески и м-р Владимир Китанов се избрани следниве рецензенти:

- д-р Никола Панов, редовен професор, Институт за географија, ПМФ - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје;
- д-р Никола В. Димитров, вонреден професор, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „ГоцеДелчев” - Штип.

По преглед на приложениот ракопис „Практикум по сообраќај во туризмот“ од авторите д-р Цане Котески и м-р Владимир Китанов, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот **„Практикум по сообраќај во туризмот“** е компатибилен со Наставната програма по предметот Сообраќај во туризмот, што се изучува на Факултетот за туризам и бизнис логистика - Гевгелија при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, во IV семестар, на прв циклус студии. Предметот, согласно со предвидената студиска програма, е задолжителен предмет со фонд на часови 2+2+1 и се вреднува со 6 кредити. Ракописот е напишан на стандарден македонски јазик во А4 формат, нормален проред, фонт Ariel, македонска поддршка и големина на буквите 12. Се состои од 12 практични вежби распоредени на 28 страници, при што секоја вежба е во согласност со Наставната програма по предметот Сообраќај во туризмот. Предложениот обем по содржина ги задоволува пропишаните критериуми за издавачка дејност. Ракописот е наменет првенствено за студентите од Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, но и за сите студенти од останати факултети на кои се изучува предметот Сообраќај во туризмот.

Ракописот започнува со *Вовед* во кој е даден краток осврт на значењето на сообраќајот во туризмот, посочена е предвидената основна и дополнителна литература, како и преглед на содржините кои се обработени во рамките на практикумот.

Вежбата бр. 1 е насловена *Проектни активности: правила за изработка и предлог-теми*. Во неа се прикажани стандардите за изработка на проектни активности надополнети со листа на предлог-теми за изработка на проектни активности.

Вежбата бр. 2 е насловена *Видови на сообраќајни гранки кои постојат во сообраќајот*. Најнапред е разработен пример за сите постоечки сообраќајни гранки. Потоа следи практична вежба за студентите каде што е потребно да го објаснат водениот сообраќај, зошто најмногу им се допаѓа за патување.

Вежбата бр. 3 е насловена *Патна скица (аматерска скица)*. На почетокот е разработен пример на еден студент, направена е скица за патот што го поминал од неговиот дом до неговиот факултет на Кампус 4. Потоа следи практична вежба за студентите каде што е потребно да направат сите студенти индивидуални скици за патот кој треба да го поминат од својот дом до нивниот факултет на Кампус 4.

Вежбата бр. 4 е насловена *Видови на превоз во патниот сообраќај и туризмот*. Прво е дадено значењето на патните возила во туристичките текови каде што се носители на поврзувањето на емитивните и рецептивните подрачја, составен дел се од туристичкиот производ, кој претставува само патување и имаат незаменлива улога во снабдувањето на туристичките дестинации. Потоа следи практична вежба за студентите каде што е потребно да одговорат што знаат за: сопствениот превоз, линискиот (јавен) превоз и за превозот со посебна намена.

Вежбата бр. 5 е насловена *Значење и улога на железничкиот сообраќај во светот и нашата земја*. Прво се дадени неколку интересни прашања: дали сте го користеле железничкиот сообраќај, ако не сте го користеле дали би го користеле некогаш, дали е добро развиен во нашата земја, која е цената на билетите за патување со воз, кои се неговите предности, а кои се неговите негативни страни. Потоа следи практична вежба за студентите каде што е потребно да одговорат сè што знаат за железничкиот сообраќај во светот и нашата земја.

Вежбата бр. 6 е насловена *Воздушен сообраќај во светот и во нашата земја*. Воздушниот сообраќај во периодот од 2006 до 2013 година направи голем напредок како на светскиот така и на домашниот воздушен сообраќај. Потоа следи практична вежба за студентите каде што е потребно да одговорат што знаат за воздушниот сообраќај во светот и за нашата земја, колку меѓународни аеродроми има во светот и нашата земја, каде се наоѓаат најголемите аеродроми во светот и во нашата земја, кои аеродроми се најфреквентни итн.

Вежбата бр. 7 е насловена *Воден сообраќај: морски, езерски и речно-каналски*. Студентите добиваат задача да изработат практична вежба т.е. програма за едно кружно патување со брод по светските океани и мориња и по Охридското Езеро или екскурзија за факултетите при УГД – Штип.

Вежбата бр. 8 е насловена *Трошоци во сообраќајот*. Студентите имаат за задача да ги констатираат трошоците кои настануваат поради превозот на патници и товар од едно место на друго, тие можат да се видат кај: сообраќајните компании, корисниците на сообраќајните услуги и општеството или економијата. Потоа следи практична вежба за студентите каде што е потребно да одговорат кои трошоци се поголеми: на сообраќајната компанија или на корисникот на сообраќајната услуга и зошто.

Вежбата бр. 9 е насловена *Трошоци за туристички аранжман*. Студентите се задолжуваат да направат туристички аранжман од нивна измислена агенција и да ги пресметаат трошоците кои се потребни за реализација на аранжманот. Вежбата треба да ги содржи: туристичкиот аранжман, пресметка на трошоци за туристичкиот аранжман, пресметка за гориво за превозно средство, пресметка за ноќевање (доколку е повеќедневен), пресметка за професионален водич, пресметка за туристички водич-придружник, пресметка за организација на патување, вкупни трошоци, цена за туристички аранжман од патник, процент од патник за туристичката агенција и крајна цена за аранжманот од патник. Студентите вежбата ја прават во ворд документ, од 3 – 4 стр. и треба да ја конвертираат во ПДФ формат. Треба да ја испечатат и да ја презентираат на часот наменет за вежби од предметот Сообраќај во туризмот.

Вежбата бр. 10 е насловена *Безбедност во сообраќајот*. Сообраќајните несреќи и загадувањето на природата имаат најистакнато место како неповолен карактер од развојот на сообраќајот. На сигурноста во патниот сообраќај влијаат следните елементи: сообраќајното средство, сообраќајната инфраструктура, човекот и останатите непредвидливи фактори. Потоа следи практична вежба за студентите каде што е потребно да одговорат на прашањата: да се наведат примери за сите елементи, како тие влијаат на сигурноста во патниот сообраќај и дали може да се преземат мерки за намалување на несреќите и зголемување на безбедноста.

Вежбата бр. 11 е насловена *Презентација на проектни активности*. Со оваа вежба се заокружува содржината на ракописот. Насловена како Презентација на проектни активности од страна на студентите, оваа вежба има за цел оценување на изработената проектна задача. Притоа како критериуми за евалуација се наведени оригиналноста на темата, вербалното презентирање, квалитетот на презентацијата и запазените стандарди

при изработката. Воедно, во оваа вежба се нотираат и коментарите од страна на присутните, како и водената дискусија.

Вежбата бр. 12 е насловена како *Слободна вежба*. Студентите одбираат слободна тема за пишување и обработуваат вежба која ќе биде од нивен интерес. Слободната вежба служи за додавање на поени доколку немаат освоено доволно поени за испит (како дополнителни поени) или изостанувале од вежби и предавања поради одредени (оправдани) причини.

Сите 12 вежби опфатени во овој ракопис во целост ја заокружуваат предвидената наставна програма по предметот Сообраќај во туризмот, па оттука и соодветноста овој ракопис да може да се користи како учебно помагало по предметот Сообраќај во туризмот.

## З А К Л У Ч О К

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање учебно помагало според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Со оглед на изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логисттика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му препорачуваме **ракописот „Практикум по сообраќај во туризмот“ од авторите д-р Цане Котески и м-р Владимир Китанов да биде издаден како учебно помагало практикум.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Никола Панов, ред. проф., с.р.**
**Д-р Никола В. Димитров, вон.проф., с.р.**